

СУДСКИ СОВЕТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ
# ЗА РАБОТАТА НА СУДСКИОТ СОВЕТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ЗА 2017 ГОДИНА

Скопје, Април 2018 година

# СОДРЖИНА

**РЕЗИМЕ** ................................................................................ ...................... 3

**ВОВЕД** ................................................................................ ...................... 4

**СТАТУС, РАКОВОДСТВО, НАДЛЕЖНОСТ И ОРГАНИЗАЦИОНА СТРУКТУРА** ................................................................................ 5

**РЕАЛИЗИРАНИ АКТИВНОСТИ ПРОИЗЛЕЗЕНИ ОД ЗАКОНСКИТЕ НАДЛЕЖНОСТИ** ................................................................................ 8

- ***БРОЈ НА ИЗБРАНИ И РАЗРЕШЕНИ СУДИИ И СУДИИ ПОРОТНИЦИ*** .......................... 8
- ***ПОСТАПКИ ЗА УТВРДУВАЊЕ НА НЕСТРУЧНО И НЕСОВЕСНО ВРШЕЊЕ НА СУДИСКАТА ФУНКЦИЈА И ЗА ДИСЦИПЛИНСКА ОДГОВОРНОСТ НА СУДИЈА*** .............................. 11
- ***ОЦЕНА ЗА РАБОТАТА НА СУДИИТЕ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ВО ОДНОС НА КВАЛИТЕТОТ И АЖУРНОСТА ВО НИВНАТА РАБОТА КАКО И ДРУГИ ПРАШАЊА ВО ВРСКА СО ОСТВАРУВАЊЕТО НА НЕЗАВИСНОСТА И САМОСТОЈНОСТА НА СУДСТВОТО*** ................................................................................ 15
- ***ПОДАТОЦИ ЗА ПОСТАПУВАЊЕ ПО ПРЕТСТАВКИ И ПРЕДЛОЗИ НА ГРАЃАНИТЕ И ИНСТИТУЦИИИТЕ ЗА РАБОТАТА НА СУДИИТЕ И СУДОВИТЕ*** ................................... 22

**АКТИВНОСТИ ЗА ПОДОБРУВАЊЕ НА КВАЛИТЕТОТ НА РАБОТЕЊЕТО** ................................................................................ 23

**АКТИВНОСТИ ЗА ХАРМОНИЗАЦИЈА СО ЗАКОНОДАВСТВОТО НА ЕУ** ................................................................................ 25

**СОРАБОТКА СО ДРУГИ ИНСТИТУЦИИ ОД ЈАВНИОТ СЕКТОР И МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА** ................................................................................ 27

- ***СОРАБОТКА СО ДРУГИ ИНСТИТУЦИИ ОД ЈАВНИОТ СЕКТОР***
- ***МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА***

**БУЏЕТ И ФИНАНСИРАЊЕ** ............................................ 29

- **КАДРОВСКА СОСТОЈБА ВО СУДСКАТА ВЛАСТ ЗА 2017 ГОДИНА**
- **МАТЕРИЈАЛНО ФИНАНСИСКА СОСТОЈБА ВО СУДСТВОТО И ВО СУДСКИОТ СОВЕТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
  - ***СУДСТВО***
  - ***СУДСКИ СОВЕТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА***

**ЗАКЛУЧОЦИ** ................................................................................ 40

**ПРЕПОРАКИ** ................................................................................ 42

**ПРИЛОЗИ** ................................................................................ 43

# РЕЗИМЕ

Судскиот совет на Република Македонија (во натамошниот текст: Советот) за својата работа согласно член 135 од Законот за Судскиот совет на Република Македонија, поднесува годишен извештај до Собранието на Република Македонија, кој јавно се објавува и доставува до сите судови во Република Македонија. Во годишниот извештајот се содржани податоци за бројот на избрани и разрешени судии и судии поротници, за бројот на поведени и завршени дисциплински постапки, за кадровската состојба во судството, за материјално – финансиската состојба во судството, оцена за соработката и односите со судовите со другите правосудни органи и органите на законодавната и извршната власт, како и други податоци.

Во текот на 2017 година, Советот избираше и разрешуваше судии, судии поротници и претседатели на судови, утврдуваше престанок на судиска функција, утврдуваше нестручно и несовесно вршење на судиската функција, изврши редовно оценување на судиите и претседателите на судовите, ги разгледуваше и оценуваше тримесечните и годишните извештаи за работа на судовите, одлучуваше за одземање на имунитет на судија, одлучуваше за времено отстранување на судија, одлучуваше за времено упатување на судиите во друг суд, вршеше работни посети на судовите, како и други работи утврдени со закон.

Во 2018 година, Советот ќе се залага за доследна примена и постапување по одредбите од донесената законска регулатива во Република Македонија, ќе ги следи состојбите во судството и ќе поднесува предлози за подобрување, ќе ја следи работата на судиите и претседателите на судовите, континуирано ќе ја следи примената на законите и ќе поднесува иницијативи за изменување и дополнување на законската регулатива, ќе ја унапредува соработката на институциите на судска власт со другите чинители во земјата и светот, ќе се залага за транспарентност и отчетност во работата на Советот, ќе се залага за подобрување на капацитетите на судството и ќе даде поддршка на судиите во ситуации кога е загрозен нивниот интегритетот при вршењето нивната функција.

# ВОВЕД

## *ВИЗИЈА*

Советот како самостоен и независен орган на судството во Република Македонија е гарант на независноста, самостојноста, ефикасноста и транспаретноста на судството. Советот има ефикасна, функционална и професионална стручна служба која обезбедува реализација на сите свои надлежности.

Советот има воспоставени активни релации и соработка со сите релевантни домашни и меѓународни институции и се стреми кон обезбедување на финансиска независност на судската власт. Советот гарантира пристап на граѓаните до фер и навремена правда и значително придонесува за јакнење на довербата на граѓаните во судскиот систем.

## *МИСИЈА*

Советот е самостоен и независен орган на судството во РМ кој обезбедува независно вршење на судиската функција и заштита на интегритетот на судиите преку спречување на надворешни влијанија во процесот на избор, оценување, унапредување и разрешување на судиите. Со тоа Советот придонесува кон навремено и квалитетно остварување и заштита на правата и слободите на граѓаните на РМ.

Работите од своја надлежност, Советот ги разгледува и за нив одлучува на седница. Седниците на советот се јавни. Јавноста може да биде исклучена согласно закон, само со одлука на Советот заради заштита на угледот и интегритетот на судијата. За исклучување на јавноста од седниците, Советот одлучува со двотретинско мнозинство гласови од вкупниот број членови на Советот. Во текот на 2017 година, Советот одржа 28 седници

## *ВРЕДНОСТИ И ПРИНЦИПИ*

- Фокус кон професионално, навремено и квалитетно исполнување на надлежностите и работните задачи
- Обезбедување на владеење на правото
- Независност во носењето на одлуките
- Брза реакција во случаи на зачувување на интегритетот на судиите и независноста на судиската функција
- Транспаретност и отчетност во работењето
- Отвореност за соработка со други институци и организации
- Почитување на различностите
- Отвореност за унапредување на капацитите и организациско учење

# СТАТУС, РАКОВОДСТВО, НАДЛЕЖНОСТ И ОРГАНИЗАЦИОНА СТРУКТУРА

Судскиот совет на Република Македонија е самостоен и независен орган на судската власт чии надлежности се дефинирани со Уставот и законите. Советот ја обезбедува и гарантира самостојноста и независноста на судската власт преку остварување на своите функции, при тоа обезбедувајќи еднаквост, рамноправност и недискриминација по која било основа и правна сигурност врз основа на начелата на владеење на правото, заштитата на човековите права и слободи и поделбата на државната власт на судска, законодавна и извршна, но и како баланс на трите власти во државата.

## *СОСТАВ НА СОВЕТОТ*

Советот е составен од 15 члена, од кои:

- по функција членови на Советот се претседателот на Врховниот суд на Република Македонија и министерот за правда кој нема право на глас;
- осум члена на Советот ги избираат судиите од своите редови. Тројца од избраните членови се припадници на заедниците кои не се мнозинствово Република Македонија, при што ќе се запази соодветната и правична застапеност на граѓаните кои припаѓаат на сите заедници;
- тројца членови на Советот ги избира Собранието на Република Македонија со мнозинство гласови од вкупниот број пратеници, при што мора да има мнозинство гласови од вкупниот број пратеници кои припаѓаат на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија; и
- двајца членови на Советот предлага претседателот на Република Македонија, а изборот го врши Собранието на Република Македонија, од кои еден е припадник на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија.

## *ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТОТ*

Со работата на Советот раководи претседател. Претседателот на Советот се избира од редот на членовите на Советот со мнозинство гласови од вкупниот број членови со тајно гласање. Мандатот на претседателот на Советот трае три години, со право на повторен избор. Советот, по предлог на претседателот на Советот, на истата седница на која се избира и претседател, избира и заменик кој го заменува во негово отсуство.Претседателот на Советот го претставува Советот, претседава и раководи со седниците, учествува во работата и во одлучувањето на Советот, ги потпишува одлуките, предлозите, решенијата и другите акти на Советот и се грижи за нивно извршување, се грижи за спроведување на Деловникот на Советот и врши и други работи определени со закон и Деловникот.

## *ЧЛЕНОВИ НА СОВЕТОТ*

Членовите на Советот во вршењето на функцијата член на Советот се еднакви во правата и обврските. Член на Советот ги има следниве права, обврски и одговорности:

- учествува во работата и во одлучувањето на Советот;
- дава иницијативи, предлози и мислења по прашања од надлежност на Советот;
- учествува во работата на работните тела на Советот во кој е избран;
- по заклучок на Советот остварува увид во работата на судија и презема други дејствија и за тоа му поднесува извештај на Советот;
- одговорен е за повреда на Уставот и закон во врска со вршење на функцијата во Советот и
- врши и други работи определени со овој закон.

Мандатот на избраните членови трае шест години со право на уште еден избор. На член на Советот му престанува мандатот:

- со истекот на времето за кое е избран;
- по негово барање;
- со исполнување на условите за старосна пензија согласно со законот;
- ако е осуден со правосилна судска пресуда за кривично дело на безусловна казна затвор од најмалку шест месеца или друго кривично дело кое го прави недостоен да ја врши функцијата член на Судскиот совет;
- ако на член на Советот му се утврди трајна неспособност за вршење на функцијата и
- ако е избран на друга јавна функција или професија.

Работите од своја надлежност, Советот ги разгледува и за нив одлучува на седница. На седниците Советот донесува одлуки кои се од важност за непречено функционирање и остварување на својата надлежност и тоа за:

- избор и разрешување на судии;
- избор и разрешување на претседатели на судовите;
- утврдување престанок на судиската функција;
- избор и разрешување на судии поротници;
- следење и оценување на работата на судиите;
- одлучување за дисциплинска одговорност на судиите;
- утврдување на престанок на судиската функција поради трајна неспособност за работа на судија;
- одлучување за одземање на имунитет на судија;
- одлучување по барање за одобрување на притвор на судија;
- предлагање двајца судии на Уставниот суд на Република Македонија од редот на судиите;
- одлучување за времено отстранување на судија од вршење на судиска функција;
- утврдување на бројот на потребните судиски места по судови;

- разгледување и оценување на тримесечните и годишните извештаи за работа на судовите;
- разгледување на извештајот на Врховниот суд на Република Македонија за утврдените начелни ставови и начелни правни мислења по прашања од значење за обезбедување на единство во примена на законите;
- грижа за угледот на судиите и довербата на граѓаните кон судството и други надлежности утврдени со закон.

*СТРУЧНА СЛУЖБА*

Советот има стручна служба. Со стручната служба раководи генерален секретар. Во зависност од видот, обемот, степенот на сложеноста на работата, како и нивната меѓусебна поврзаност и сродност, одговорност и другите услови за успешно функционирање на стручната служба на Советот се образуваат следниве организациски облици:

**(1) Сектор за информатички, административно-технички работи и водење на статистика и аналитика на судовите, со две одделенија:**

- Одделение за информатички и административно-технички работи
- Одделение за статистика и аналитика на судовите

**(2) Сектор за судски буџет, со четири одделенија:**

- Одделение за финансиски прашања на судскиот буџетски совет
- Одделение за правни и општи работи на судскиот буџетски совет
- Одделение за инвестиции на судскиот буџетски совет
- Одделение за информациско-комуникациски технологии на судскиот буџетски совет

Во Судскиот совет на Република Македонија постојат и две посебни одделенија:

- Одделение за внатрешна ревизија
- Одделение за човечки ресурси

Согласно Правилникот за внатрешна оранизација на Судскиот совет на Република Македонија пополнети се 30 работни места, од предвидените 50 работни места. Не се пополнети клучни места како технички секретар на претседателот, во одделението за внатрешна ревизија е вработено само едно лице и нема ниту еден вработен во Одделението за статистика и аналитика.

Внатрешната организација (Органограм) е прикажана во прилог 1, кадровската состојба, структурата на вработените според категории на административни службеници, степен на обазование, пол и возраст и етничка структура прикажани се во прилог 2.

# РЕАЛИЗИРАНИ АКТИВНОСТИ ПРОИЗЛЕЗЕНИ ОД ЗАКОНСКИТЕ НАДЛЕЖНОСТИ

## *БРОЈ НА ИЗБРАНИ И РАЗРЕШЕНИ СУДИИ И СУДИИ ПОРОТНИЦИ*

Советот, во текот на 2017 година изврши избор и разрешување на судии и судии поротници.

Во извештајната година, Советот изврши избор и на вкупно 5 судии во повисоките судови и тоа: во Врховниот суд на РМ – 1 судии, Апелационен суд Битола – 1 судија и Апелационен суд Скопје – 3 судии.

| | Суд | Број на избрани судии |
|---|---|---|
| 1 | Врховен суд на РМ | **1** |
| 4 | АС Битола | **1** |
| 6 | АС Скопје | **3** |
| | Вкупно | **5** |

**Полова и национална структура на избрани судии во периодот од 01.01.2017 до 31.12.2017 година**

| | | **Вкупно** | **%** |
|---|---|---|---|
| **Националност** | | | |
| 1 | Македонци | 3 | 60 |
| 2 | Албанци | 2 | 40 |
| 3 | Други | 0 | 0 |
| **Пол** | | | |
| 1 | машки | 3 | 60 |
| 2 | женски | 2 | 40 |
| | | | |
| **Вкупно избрани:** | | 5 | |






Во текот на 2017 година, Советот за дел од испразнетите судиски места во судовите според постоечката систематизација не изврши избор на судии во судовите, бидејќи сите кандидати кои ја звршија почетната обука во Акаемијата за судии и јавни обвинители се избрани за судии или јавни обвинители, туку ја искористи во со закон предвидената можност да донесе одлука за времено упатување на судиите од еден во друг суд. Така, Советот донесе одлука за времено упатување на 5 судии и тоа најдолго за време од една година:

- Двајца судии од ОС Кочани во ОС Делчево;
- Еден судија од ОС Струмица во ОС Берово;
- Еден судија од ОС Радовиш во ОС Свети Николе
- Еден судија од ОС Скопје 1 Скопје во ОС Гостивар;

На седницата одржана на ден 13.03.2017 година, Советот донесе одлука за времено упатување на судија од Врховниот суд на Република Македонија, заради вршење на функцијата претседател на Основниот суд Скопје 1 Скопје, сметано од 14.03.2017 година, најдолго за период од една година со денот на упатувањето.

Советот одлуките за временото упатување на судиите ги донесе согласно член 39 од Законот за судовите, во случаи кога констатира состојба на значително зголемен обем на работата во овие судови, намалена ажурност и во случај кога е доведено во прашање тековното работење на судовите.

Од страна на Советот во текот на 2017 година е извршен избор на претседатели во следните судови: Врховниот суд на Република Макеоднија, АС Штип, Управен суд, ОС Гевгелија, ОС Крушево, ОС Свети Николе, ОС Скопје 1 Скопје, ОС Куманово, ОС Ресен и ОС Тетово.

| Полова и национална структура на избрани претседатели во периодот од 01.01.2017 до 31.12.2017 година |
|---|

| | | Вкупно | % |
|---|---|---|---|
| **Националност** | | | |
| 1 | Македонци | 6 | 60 |
| 2 | Албанци | 2 | 20 |
| 3 | Власи | 1 | 10 |
| 4. | Турци | 1 | 10 |
| **Пол** | | | |
| 1 | машки | 6 | 60 |
| 2 | женски | 4 | 40 |
| | | | |
| **Вкупно избрани:** | | 10 | |







Законска надлежност на Советот е да врши избор и разрешување на судиите поротници по доставена предлог листа од претседателот на надлежниот основен и апелационен суд.

Во текот на 2017 година, Советот избра вкупно 168 судии поротници. При изборот на судиите поротници Советот водеше сметка да се обезбеди соодветна правична застапеност на граѓаните што припаѓаат на сите заедници.

Истовремено, Советот донесе одлуки со кои е утврден престанок на функцијата судија поротник, и тоа во 18 случај по сопствено барање на судијата поротник, во 1180 случаи поради истек на мандатот, во 3 случаи поради навршени 64 години старост и во 1 случај поради смрт.

## *ПОСТАПКИ ЗА УТВРДУВАЊЕ НА НЕСТРУЧНО И НЕСОВЕСНО ВРШЕЊЕ НА СУДИСКАТА ФУНКЦИЈА И ЗА ДИСЦИПЛИНСКА ОДГОВОРНОСТ НА СУДИЈА*

Во надлежност на Советот е и да утврдува престанок на судиската функција, да разреши судија од вршење на судиската функција поради потешка дисциплинска повреда или поради нестручно и несовесно вршење на судиската функција.

Постапките за нестручно и несовесно вршење на судиската функција, како и постапката за утврдување на дисциплинска одговорност на судија во вршењето на судиската функција, пред Советот се водат согласно со одредбите на Законот за Судскиот совет на Република Македонија со кои се уредени овие постапки.

Поведените постапки за утврдување одговорност на судијата се од итен и доверлив карактер и се водат без присуство на јавноста, освен во случаи кога по барање на самиот судија против кого е поведена постапката, Советот донесува одлука и дозволува присуство на јавноста на седниците на кои се расправа по барањата за утврдување одговорност на судијата.

Советот во текот на 2017 година постапувал по 7 (седум) барања за поведување постапка за утврдување на нестручно и несовесно вршење на судиската функција, поднесени од Советот за утврдување на факти и покренување на постапка за утврдување одговорност на судија. По 2 (две) барања поднесени во текот на 2016 година, и тоа против:

- Судија на ОС Скопје 1 Скопје постапувајќи по предмет од уписник К, што се однесува на полнолетни сторители на кривични дела, постапил нестручно и несовесно со што сторил повреда предвидена во чл.75 ст.1 алинеја 2, в.в. со чл.74 ст.1 алинеја 2 од Законот за судовите.

Советот по повод поднесеното барање на седница донесе решение со кое барањето за поведување на постапка за утврдување на одговорност поради нестручно и несовесно вршење на судиската функција го отфрли како нецелосно.

- Судија на ОС Скопје 1 Скопје постапувајќи по предмети од уписник К, што се однесува на полнолетни сторители на кривични дела во вршењето на судиската функција постапил нестручно и несовесно со што сторил повеќе повреди предвидени во чл.75 ст.1 алинеја 2, в.в. со чл.74 ст.1 алинеја 2 од Законот за судовите.

Советот по повод поднесеното барање на седница донесе решение со кое барањето за поведување на постапка за утврдување на одговорност поради нестручно и несовесно вршење на судиската функција го отфрли како недозволено.

По 5(пет) барања поднесени во текот на 2017 година, и тоа против:

- Судија на ОС Охрид поради основано сомнение за сторена повреда во смисла на чл. 74 ст.1 алинеја 2 а в.в. со чл.75 ст.1 алинеја 10 од Законот за судовите, затоа што со правосилна пресуда на Основниот суд Струга, потврдена со пресуда на Апелациониот суд Битола е огласен за виновен за кривично дело - Примање поткуп од чл.327 ст.2 в.в чл.45 ст.1 од КЗ, и осуден на казна затвор во траење од 1 година, која нема да се изврши доколку осудениот во рок од 2 години не стори ново кривично дело.

Советот по повод поднесеното барање, по спроведената постапка согласно Законот за Судскиот совет на Република Македонија, на седница донесе решение со кое утврди нестручно и несовесно вршење на судиската функција. Против ова решение поднесена е жалба и предметот е испратен на одлучување до жалбениот совет при Врховниот суд на Република Македонија

- Судија на ОС Радовиш постапувајќи по предмети од уписник МАЛВП, во вршењето на судиската функција постапил нестручно и несовесно со што сторил повеќе повреди предвидени во чл.75 ст.1 алинеја 2 и 10, в.в. со чл.74 ст.1 алинеја 2 од Законот за судовите.

Советот по повод поднесеното барање на седница донесе решение со кое ја запре постапката за утврдување на одговорност поради нестручно и несовесно вршење на судиската функција.

- Судија на ОС Охрид постапувајќи по повеќе предмети не ги објавувал одлуките во смисла на чл.437 чл.324 ст.3 и ст.4 и чл.325 од Законот за парнична постапка, ги пречекорил законските рокови за изготвување н одлуките и не постапил во смисла на чл.326 ст.1 од Законот за парнична постапка, поради што постапил нестручно и несовесно со што сторил повреда предвидена во чл.75 ст.1 алинеја 2 и 10, в.в. со чл.74 ст.1 алинеја 2 од Законот за судовите.

Советот по повод поднесеното барање спроведува постапка согласно Законот за Судски совет на Република Маедонија и истата е во тек.

- Судија на ОС Тетово постапувајќи по предмет од уписник К, по поднесено известување од ОЈО Тетово за откажување од кривично гонење против обвинетите, не донел решение за запирање, туки истата ја продолжил и донел пресуда со која обвинетито го огласил за виновен. поради што постапил нестручно и несовесно со што сторил повреда предвидена во чл.75 ст.1 алинеја 2 и 10, в.в. со чл.74 ст.1 алинеја 2 од Законот за судовите.

Советот по повод поднесеното барање спроведува постапка согласно Законот за Судски совет на Република Маедонија и истата е во тек

- Судии на Врховниот суд на Република Македонија постапувајќи по предметот КОЗ бр.постапиле спротивно на чл.169 ст. 3 од ЗКП и спротивно на чл.5 од Законот за јавното обвинителство за гонење на кривични дела поврзани и кои произлегуваат од содржината на незаконско следење на комуникациите, поради што постапиле нестручно и несовесно со што сториле повреда предвидена во чл.75 ст.1 алинеја 2 , в.в. со чл.74 ст.1 алинеја 2 од Законот за судовите.

Советот по повод поднесеното барање спроведува постапка согласно Законот за Судски совет на Република Маедонија и истата е во тек

- Судии на Апелациониот суд Скопје и судии на Врховниот суд на Република Македонија постапувајќи по жалбите на Специјалното јавното обвинителство за гонење на кривични дела поврзани и кои произлегуваат од содржината на незаконско следење на комуникациите, сториле повреда предвидена во чл.75 ст.1 алинеја 2 , в.в. со чл.74 ст.1 алинеја 2 од Законот за судовите.

Советот по повод поднесеното барање спроведува постапка согласно Законот за Судски совет на Република Маедонија и истата е во тек

До Советот доставени се 6 (шест) барања за повторување на постапката по повод донесените пресуди на Европскиот суд за човекови права во Стразбур. По 5 (пет) барања за повторување на постапката, Советот дозволи повторување на постапките и истите се во тек. По 1 (едно) барање за повторување на постапката, каде претходно беше дозволено повторување на постапката, Советот донесе решение со кое утврди нестручно и несовесно вршење на судиската функција. Против ова решение поднесена е жалба и предметот е испратен на одлучување до жалбениот совет при Врховниот суд на Република Македонија

Во текот на 2017 година од страна на Советот се донесени и одлуки за престанок на судиската функција по други основи предвидени со закон и тоа:

- кај 21 судии е констатиран престанок на судиската функција поради навршени 64 години.
- кај 2 судии е утврден престанок на судиската функција поради смрт.
- кај 1 судија е утврден престанок на судиската функција по сопствено барање.


Причини за престанок на судиска
функција
4%
0%
0%
7%
89%
пензионирање
поради смрт
нестручно и несовесно вршење на судиска функција
по сопствено барање
осуден со правосилна судска одлука

***ОЦЕНА ЗА РАБОТАТА НА СУДИИТЕ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ВО ОДНОС НА КВАЛИТЕТОТ И АЖУРНОСТА ВО НИВНАТА РАБОТА КАКО И ДРУГИ ПРАШАЊА ВО ВРСКА СО ОСТВАРУВАЊЕТО НА НЕЗАВИСНОСТА И САМОСТОЈНОСТА НА СУДСТВОТО***

Советот, согласно член 31 од Законот за Судскиот совет на Република Македонија е надлежен да ја следи и оценува работата на судиите и претседателите на судовите, како и да ги разгледува и оценува тромесечните и годишните извештаи за работата на судовите.

Во рамките на следењето и оценувањето на работата на судиите и судовите Советот ги разгледа и ги оцени извештаите за работата на судовите во Република Македонија и тоа за работата на Врховниот суд на РМ, Вишиот управен суд, Управниот суд, апелационите судови и основните судови во Република Македонија за 2017 година.

Според податоците генерирани преку АКМИС програмата, изготвен е табеларниот приказ на нерешените предмети од претходниот период, примените предмети, вкупно предмети во работа, решени предмети, нерешени предмети на крајот на периодот и разлика од нерешени предмети на почетокот и на крајот на 2017 година ( прикажани во прилог 3).

Од податоците во табеларен приказ и доставените извештаи од страна на судовите, Советот го утврди следното:

**Врховниот суд на Република Македонија** во 2017 година остварил ефикасност и ажурност во решавањето на предметите, така што го совладал приливот на новопримените предмети и го намалил заостатокот за 233 предмети.

**Вишиот управен суд** во 2017 година го совладал приливот на новопримените предмети, и го намалил заостатокот на нерешени предмети за 240 предмети, па се оценува како ефикасен и ажурен суд.

**Управниот суд** во 2017 година го совладал приливот на новопримените предмети и го намалил заостатокот за 1552 предмети, па се оценува како ефикасен и ажурен суд.

**Апелационо подрачје Битола**

**Апелационен суд Битола** во 2017 година не успеал да го совлада приливот на новите предмети со тоа заостатокот на предмети е зголемен за 353 предмети, така што се оценува како неефикасен и неажурен суд.

**Основен суд Битола** успеал да го совлада приливот на новопримените предмети во 2017 година со тоа заостатокот на предмети е намален за 605 предмети, така што се оценува како ефикасен и ажурен суд.

**Основниот суд Крушево** во 2017 година успеал да го совлада приливот на новопримените предмети и го намалил заостатокот за 27 предмети, со што се оценува како ефикасен и ажурен суд.

**Основен суд Охрид** во 2017 година успеал да го совлада приливот и го намалил заостатокот за 816 предмети, поради што се оценува како ефикасен и ажурен суд.

**Основниот суд Прилеп** во 2017 година успеал да го совлада приливот и го намалил заостатокот на нерешени предмети за 449 предмети, поради што се оценува како ефикасен и ажурен суд.

**Основниот суд Ресен** во 2017 година успеал да го совлада приливот на новопримените предмети и го намалил заостатокот за 87 предмети, со што се оценува како ефикасен и ажурен суд.

**Основниот суд Струга** во 2017 година успеал да го совлада приливот на новопримените предмети и го намалил заостатокот за 670 предмети, со што се оценува како ефикасен и ажурен суд.

Според изнесените податоци за работата на судовите на подрачјето на Апелациониот суд Битола се констатира дека основните судови на ова подрачје во 2017 година, годината ја започнале со нерешени 14402 предмети, со новопримени 71755 предмети, во работа имале фонд на предмети од 86112 предмети. Од овој вкупен фонд на предмети што биле во работа во судовите на ова подрачје во 2017 година, судовите, односно судиите успеале да решат вкупно 74364 предмети.

Од констатираните состојби произлегува дека судовите на подрачјето на Апелациониот суд во Битола во целина успеале да го решат приливот и со тоа заостатокот е намален за 2654 предмети во однос на нерешените предмети од претходната година.

## Апелационо подрачје Гостивар

**Апелациониот суд Гостивар** во 2017 година не успеал да го совлада приливот на новите предмети со тоа заостатокот на предмети е зголемен за 368 предмети, така што се оценува како неефикасен и неажурен суд.

**Основниот суд Гостивар** во 2017 година успеал да го совлада приливот на новопримените предмети и го намалил заостатокот за 674 предмети, со што се оценува како ефикасен и ажурен суд.

**Основниот суд Дебар** во 2017 година успеал да го совлада приливот на новопримените предмети и го намалил заостатокот за 7 предмети, со што се оценува како ефикасен и ажурен суд.

**Основниот суд Кичево** во 2017 година успеал да го совлада приливот на новопримените предмети и го намалил заостатокот за 246 предмети, со што се оценува како ефикасен и ажурен суд.

**Основниот суд Тетово** во 2017 година успеал да го совлада приливот на новопримените предмети и го намалил заостатокот за 2256 предмети, со што се оценува како ефикасен и ажурен суд.

.

Од наведеното произлегува дека основните судови на подрачјето на Апелациониот суд Гостивар во 2017 година го совладале приливот и го знамалиле заостатокот на нерешени предмети за 3183 предмети, со што подрачјето во целост се оценува како ажурно и ефикасно.

Во Основните судови на подрачјето на Апелациониот суд Гостивар во 2017 година, нерешени предмети на почетокот на годината имало 14519 предмети. Во текот на годината примиле 82785 нови предмети. Вкупно во работа во текот на годината имале 97270 предмети, од кои судиите решиле 85934 предмети на крајот на годината, со што во извештајната година останале вкупно 11336 нерешени предмети.

## Апелационо подрачје Скопје

**Апелационен суд Скопје** во 2017 година не успеал да го совлада приливот на новите предмети со тоа заостатокот на предмети е зголемен за 952 предмети, така што се оценува како неефикасен и неажурен суд.

**Основниот суд Велес** во 2017 година успеал да го совлада приливот на новопримените предмети и го намалил заостатокот за 134 предмети, со што се оценува како ефикасен и ажурен суд.

**Основниот суд Гевгелија** во 2017 година не успеал да го совлада приливот на новопримените предмети и го зголемил заостатокот за 436 предмети, со што се оценува како неефикасен и неажурен суд.

**Основниот суд Кавадарци** во 2017 година успеал да го совлада приливот на новопримените предмети и го намалил заостатокот за 75 предмети, со што се оценува како ефикасен и ажурен суд.

**Основниот суд Кратово** во 2017 година успеал да го совлада приливот на новопримените предмети и го намалил заостатокот за 1 предмети, со што се оценува како ефикасен и ажурен суд.

**Основниот суд Крива Паланка** во 2017 година успеал да го совлада приливот на новопримените предмети и го намалил заостатокот за 9 предмети, со што се оценува како ефикасен и ажурен суд.

**Основниот суд Куманово** во 2017 година успеал да го совлада приливот на новопримените предмети и го намалил заостатокот за 1211 предмети, со што се оценува како ефикасен и ажурен суд.

**Основниот суд Неготино** во 2017 година успеал да го совлада приливот на новопримените предмети и го намалил заостатокот за 183 предмети, со што се оценува како ефикасен и ажурен суд.

**Основниот суд Скопје 1 Скопје** во 2017 година успеал да го совлада приливот на новопримените предмети и го намалил заостатокот за 13539 предмети, со што се оценува како ефикасен и ажурен суд.

Основниот суд Скопје 2 Скопје во 2017 година успеал да го совлада приливот на новопримените предмети и го намалил заостатокот за 1921 предмети, со што се оценува како ефикасен и ажурен суд.

Според изнесените податоци за работата на судовите на подрачјето на Апелациониот суд Скопје се констатира дека основните судови на ова подрачје во 2017 година, годината ја започнале со нерешени 64511 предмети, со новопримени 200000 предмети, во работа имале фонд на предмети од 264375 предмети. Од овој вкупен фонд на предмети што биле во работа во судовите на ова подрачје во 2017 година, судовите, односно судиите успеале да решат вкупно 216501 предмети.

Од констатираните состојби произлегува дека судовите на подрачјето на Апелациониот суд во Скопје во целина успеале да го решат приливот и со тоа да се намали заостатокот за 16637 предмети, со што подрачјето се оценува во целост како ажурно и ефикасно.

## Апелационо подрачје Штип

**Апелационен суд Штип** во 2017 година не успеал да го совлада приливот на новите предмети со тоа заостатокот на предмети е зголемен за 159 предмети, така што се оценува како неефикасен и неажурен суд.

**Основниот суд Берово** во 2017 година не успеал да го совлада приливот на новопримените предмети и го зголемил заостатокот за 24 предмети, со што се оценува како неефикасен и неажурен суд.

**Основниот суд Виница** во 2017 година успеал да го совлада приливот на новопримените предмети, така што разликата од нерешени предмети на почетокот и крај на периодот изнесува 0 предмети, со што се оценува како ефикасен и ажурен суд.

**Основниот суд Делчево** во 2017 година успеал да го совлада приливот на новопримените предмети и го намалил заостатокот за 351 предмет, со што се оценува како ефикасен и ажурен суд.

**Основниот суд Кочани** во 2017 година успеал да го совлада приливот на новопримените предмети и го намалил заостатокот за 1430 предмети, со што се оценува како ефикасен и ажурен суд.

**Основниот суд Радовиш** во 2017 година успеал да го совлада приливот на новопримените предмети и го намалил заостатокот за 113 предмети, со што се оценува како ефикасен и ажурен суд.

**Основниот суд Свети Николе** во 2017 година успеал да го совлада приливот на новопримените предмети и го намалил заостатокот за 18 предмети, со што се оценува како ефикасен и ажурен суд.

**Основниот суд Струмица** во 2017 година успеал да го совлада приливот на новопримените предмети и го намалил заостатокот за 696 предмети, со што се оценува како ефикасен и ажурен суд.

**Основниот суд Штип** во 2017 година успеал да го совлада приливот и го намалил заостатокот на нерешени предмети за 21 предмети, со што се оценува како ефикасен и ажурен суд.

Според изнесените податоци на подрачјето на Апелациониот суд Штип, дека судовите на подрачјето на Апелациониот суд во Скопје во целина успеале да го решат

приливот и со тоа да се намали заостатокот за 2605 предмети, со што подрачјето се оценува во целост како ажурно и ефикасно.

Судовите на ова подрачје во 2017 година, годината ја започнале со нерешени 9869 предмети, со новопримени 66555 предмети, а во работа имале фонд од 76359 предмети. Од овој вкупен фонд на предмети што биле во работа во судовите на ова подрачје во 2017 година, судовите успеале да решат вкупно 67497 предмети.

Според тоа произлегува дека на 31.12.2017 година на подрачјето на Апелациониот суд во Штип во судовите останале вкупно нерешени 7264 предмети.

**Од претходно изнесената состојба за работата на судовите за 2017 година, се констатира следното :**

Во Република Македонија, во сите судови, на 01.01.2017 година нерешени предмети од претходната година се 123205 предмети, примени се 480370 нови предмети, вкупно предмети во работа имало 603211, вкупно се решени 503680предмети, така што на 31.12.2017 година останале нерешени 97933 предмети. Ова значи дека на ниво на Република Македонија судовите во целина работеле ефикасно и ажурно, со оглед да успеале да го совладаат приливот на новопримените предмети и да го намалат заостатокот за 25272 предмети.

Според претходно дадените податоци, по апелационите подрачја, во 2017 година, најмногу новопримени предмети, предмети во работа и решени предмети, имало на подрачјето на Апелациониот суд Скопје, а најмалку, по сите категории, во подрачјето на Апелациониот суд Штип.

## Број на активни судии

Според евиденцијата на пополнетите судиски места и бројот на активните судии, се констатира дека на почетокот од 2017 година, постапувале 566 судија.

| Година | Датум | Активни судии | Датум | Активни судии | Просечен број на судии |
|---|---|---|---|---|---|
| 2016 | 01.01.2016 | 586 | 31.12.2016 | 566 | 576 |
| 2017 | 01.01.2017 | 566 | 31.12.2017 | 540 | 553 |
| **Разлика** | | **-20** | | **-26** | **-23** |

Доколку се споредуваат 2016 и 2017 година, може да се забележи дека на почетокот од 2017 година има 20 помалку активни судии во однос на почетокот на 2016 година. На крајот од 2017 година има 26 помалку активни судии во однос на крајот на 2016 година. Просечно во 2016 година може да се земе бројката од 576 активни судии, а во 2017 години 553 активни судии.

**Полова и национална структура на активни судии во периодот од 01.01.2017 до 31.12.2017 година**

| | | Вкупно | % |
|---|---|---|---|
| **Националност** | | | |
| 1 | Македонци | 410 | 75,92 |
| 2 | Албанци | 92 | 17,03 |
| 3 | Турци | 6 | 1,11 |
| 4 | Власи | 12 | 2,22 |
| 5 | Срби | 6 | 1,11 |
| 6 | Роми | 1 | 0,18 |
| 7 | Бошнаци | 7 | 1,29 |
| 8 | Други | 6 | 1,11 |
| **Пол** | | | |
| 1 | машки | 218 | 40,37 |
| 2 | женски | 322 | 59,63 |
| | | | |
| **Вкупно** | | **540** | |

## Следење и оценување на работата на судиите

Во делот на следењето на работата на судовите и судиите како една од основните и најзначајните активности на Советот во рамките на надлежноста утврдена со закон е да ја следи и оценува работата на судиите и претседателите на судовите. Следењето и оценувањето на работата на судиите се врши на начин и постапка утврдени со Законот за изменување и дополнување на Законот за Судскиот совет на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ број 150/2010), без притоа да се наруши независноста и самостојноста на судијата при вршење на судиската функција.

Целта на следењето и оценувањето на работата на судијата е јакнење на личната мотивација на судиите, обезбедување натамошен професионален развој на судиите врз основа на нивните лични и професионални способности без какво било влијание. Оценувањето на работата на судиите се врши врз основа на вкупните резултати на работата на судијата, непосредно следење, дополнителни и посебни критериуми во врска со вршењето на функцијата утврдени со Законот.

Со Законот за изменување и дополнување на Законот за Судскиот совет на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ број 150/2010), се пропиша постапката и се дефинираат објективни и мерливи критериуми за следењето и оценувањето на работата на судиите, со цел да се отстрани можноста за евентуална субјективност и пристрасност при оценувањето. Имено, со овој закон прецизно се регулира постапката, целите и методите на следење и оценување на работата на судиите, квантитативните и квалитативните критериуми за судиското работење како и елементите за пресметување на оценката.

Согласно Законот за изменување и дополнување на Законот за Судскиот совет на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ број 61/2015), Советот врши континуирано двегодишно следење и оценување на работата на судиите. Од страна на Советот, во 2017 година беше извршено редовно оценување на работата на судиите и претседателите на судовите за 2015 и 2016 година.

Како резултат на спроведеното редовно оценување, од страна на Советот се донесени одлуки за оценка на работата за 2015 и 2016 година на вкупно 514 судии и на 30 претседатели на судови.

Поднесени се вкупно 44 барања за повторно оценување на работата на судиите и 4 барања за повторно оценување на работата на претседателите на судовите. По предлог на Комисијата за спроведување на повторно оценување (во која не може да учествуваат членовите кои го спровеле редовното оценување), од поднесени 44 барања за повторно оценување на работата на судиите, Советот на седница донесе одлуки од кои 12 ги одби како неосновани, 31 барање уважи и 1 барање делумно уважи, додека сите 4 барања за повторно оценување на работата на претседателите на судовите ги одби како неосновани. Резултатите од спроведеното редовно оценување на судиите и претседателите се прикажани во прилог 4 (табела 1 и табела 2).

Од прикажаните резултати во табелата 1 може да се заклучи дека 91,82% од судиите се оцените со оценка многу добар, 7,19 % се оценети со оценка добар и 0,97 % се оценети со оценка задоволителен.

Од прикажаните резултати во табелата 2 може да се заклучи дека 20% од претседателите на судовите се оцените со оценка многу добар, 66,67 % се оценети со оценка добар и 13,33 % се оценети со оценка задоволителен.

***ПОДАТОЦИ ЗА ПОСТАПУВАЊЕ ПО ПРЕТСТАВКИ И ПРЕДЛОЗИ НА ГРАЃАНИТЕ И ИНСТИТУЦИИТЕ ЗА РАБОТАТА НА СУДИИТЕ И СУДОВИТЕ***

Со Законот за Советот за утврдување на факти и покренување на постапка за утврдување на одговорност за судија („Службен весник на Република Македонија“ бр.20 од 12.02.2015 година), сметано од 20.05.2015 година, надлежноста за постапување по претставките и поплаките на граѓаните и правните лица за работата на судиите и судовите, од Судскиот совет на Република Македонија премина во Советот за утврдување на факти и покренување на постапка за утврдување на одговорност за судија. Соодветните измени и дополнувања на Законот за Судскиот совет на РМ се објавени во наведениот број на „Службен весник на Република Македонија“ од 12.02.2015 година.

Меѓутоа со донесувањето на Законот за изменување и дополнување на Законопт за Судски совет на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр.197 од 29.12.2017 година) повторно Судскиот совет е надлежен да постапува по претставки и поплаки на граѓаните и правните лица за работата на судовите, претседателите на судовите и судиите.

Истовремено се донесе и Законот за престанување на важењето на Законот за Советот за утврдување на факти и покренување на постапка за утврдување одговорност за судија („Службен весник на Република Македонија“ бр.17 од 18.01.2018 година) и со денот на влегувањето во сила овој закон на претседателот и членовите на Советот за утврдување на факти и покренување на постапка за утврдување одговорност за судија, им престана мандатот.

# АКТИВНОСТИ ЗА ПОДОБРУВАЊЕ НА КВАЛИТЕТОТ НА РАБОТЕЊЕТО

Една од основните определби на Советот во остварувањето на работите од својата надлежност е остварување на начелото на транспарентност и отвореност во работењето и зголемена партиципативност на јавноста. Во делот на градењето и афирмацијата на транспарентност во работата, Советот продолжува со своите активности, при што целокупната работа на Советот е јавна, вклучително и седниците на Советот, освен оние на кои согласно со законот јавноста е исклучена. На овој начин се овозможува јавните седници на Советот непречено да ги следат граѓаните, претставници на медиумите и други релевантни институции.

Советот обезбедува редовно и транспарентно објавување информации преку интернет страницата http://www.ssrm.mk за одлуките донесени од страна на Советот, за извршените избори и разрешувања на судиите, објавување на правосилните одлуки за утврдена одговорност на судиите во вршење на судиската функција, одлуки и заклучоци кои се однесуваат на следење и оценување на работата на судиите и судовите, како и за останати активности на Советот.

Советот, во рамките на законски утврдените надлежности, настојува отворено и транспарентно да обезбеди проток на информации со цел јавноста и граѓаните на Република Македонија да бидат навремено и точно запознаени и информирани за сите активности што ги презема. Притоа, Советот во изминатиот период беше постојано достапен за комуникација и информирање на сите засегнати страни преку давање интервјуа од страна на претседателот на советот, давање на изјави за електронските и печатените медиуми, брифинзи, организација на работни состаноци, работилници, стручни и јавни расправи, работни средби.

Една од заложбите на Советот е унапредување на структурата и перформансите на интернет-страницата, со што покрај транспарентност во работењето, треба да се постигне повисоко ниво на углед на институцијата што е ориентирана кон интеракција со јавноста и навремено информирање за работењето. Заложба на Советот е и печатење и промоција на годишни програмски и финансиски извештаи.

На седницата одржана на ден 30.08.2017 година, согласно член 114 од Судскиот деловник, Советот во насока на зголемување на ефективноста и ефикасноста во работењето на судовите донесе одлука за промена на работното време и истото сега во сите судови започнува 7:30 часот а завршува во 15:30 часот.

Во текот на 2017 година, Советот изврши работна посета во 11 судови во Република Македонија и тоа: Виш управен суд, управен суд, ОС Крушево, ОС Неготино, ОС Кавадарци, ОС Струга, ОС Гевгелија, ОС Скопје 2 Скопје, ОС Куманово, ОС Охрид и ОС Свети Николе.

## Состојба со стари предмети

Во прилог на зголемување на ефикасноста во судството во текот на 2017 година, од страна на Советот во соработка со претседателите на судовите беа преземани конкретни мерки за намалување на заостатокот со старите предмети во судството, постари од три, седум и десет години. За да се намали бројот на постари предмети од 7 и 10 години со одлука на Судскиот совет преку претседателите на судовите се задолжени судиите кои постапуваат по ваков вид на предмети да изготват план и проекција за решавање на секој предмет. Планот и проекцијата беа составен дел од извештаите на работните тела кои месечно се доставуваат до Советот. Како резултат на вака преземените мерки беа решени голем број на стари предмети во сите судови во РМ, прикажани во следната табела

| | **Јануари 2017 година** | **Декември 2017 година** | **Намален заостаток** | **Стапка на решени предмети** |
|---|---|---|---|---|
| **Постари од 3 години** | 10019 | 3865 | 6154 | 61,42 |
| **Постари од 7 години** | 342 | 229 | 113 | 33,04% |
| **Постари од 10 години** | 165 | 91 | 74 | 44,85% |

***Табела: состојба со стари предмети во судството***

Од страна на Советот продолжија и активностите за спроведување на Методологијата за судска статистика со цел овозможување на побрзо и поквалитетно собирање и анализа на податоци за правосудството. Во Советот во функција е апликацијата за Судска статистика која овозможува генерирање на единствени статистички податоци за правосудството во Република Македонија согласно утврдената Методологија за судска статистика.

Законот за воведување на системот за управување со квалитетот и заедничката рамка за процена на работењето и давањето на услуги во државната управа предвидува задолжително воведување на најмалку основниот стандард ИСО 9001, а во зависност од надлежноста на органите може да се воведат и други типови на ИСО или македонски стандарди. Меѓународните и македонските стандарди за системи за управување со квалитет се стандарди со кои се дефинираат минималните услови потребни за квалитетно работење на органите.

Во Советот е воведен меѓународниот стандардот ИСО 9001:2015 за кој е добиен сертификат во текот на 2017 година од сертификационо тело акредитирано од Институтот за акредитација на Република Македонија. Воведувањето на овој стандард значи дека во Советот се јасно дефинирани процесите и процедурите кои овозможуваат планирање, изведување, проверување, реализација, како и постојано подобрување на работењето. Со дефинирањето на процедурите се дојде до лесно пронаоѓање и идентификување на постоечките практики кои не се доволно ефикасни и се презедоа активности за нивно подобрување а со самото тоа се подобри и работењето на нашата институција. Во Советот е формиран Тим на претставници на

раководството за квалитет кој постојано врши контрола на креирањето, одобрување и пуштање во употреба на документите по квалитет (процесни картици, процедури, работни упатства).

Во текот на 2017 година, подготвен е програм-план за интерна проверка, формирани се тимовите на интерни проверувачи и спроведена е интерна проверка на сите процеси и процедури. Во Советот во примена се 123 процедури.

# АКТИВНОСТИ ЗА ХАРМОНИЗАЦИЈА СО ЗАКОНОДАВСТВОТО НА ЕВРОПСКАТА УНИЈА

Во насока на обезбедување на принципот на владеење на правото, како и почитување на основните човекови права и слободи и досега беа спроведени реформи во однос на уставната поставеност и организациската структура на судството, така и во однос на останатите аспекти на судството, како што се гарантирањето на финансиската независност, зголемувањето на ефикасноста на судството, воведувањето на објективни критериуми за избор и разрешување на судии.

Република Македонија има усвоено правна рамка која генерално ги содржи меѓународните стандарди за независно и непристрасно судство и правилно функционирање на правосудниот систем. И покрај ваквата нормативна основа, се јави потребата да се извршат дополнителни законски интервенции со чија примена ќе се обезбеди поголема независност, ефикасност и непристрасност во работата на судството.

Од страна на Владата на Република Македонија донесена е Стратегијата за реформи во правосудниот сектор 2017-2022 со неколку главни цели, кои претставуваат единство и претпоставуваат фазно надминување на лоцираните слабости во правосудството, негово поставување на колосекот на европските и меѓународните стандарди и негово стабилно функционирање како главен столб на демократската правна држава преку етаблирање на начелото на владеење на правото како врвно политичко и правно начело во уредувањето на односите помеѓу трите носители на власта, со доследно почитување на самостојноста, независноста и интегритетот на судската власт. Воведување на европските институционални и процесно - правни, менаџерски и други стандарди во функционирањето на судството, подготовка на судиите за нивно функцинирање во единствениот европски простор на правда и за доследна примена на Европската конвенција за човековите права и другите меѓународни конвенции за човековите слободи и права преку усогласување на материјалните и процесните закони со правото на ЕУ и хармонизација со законите на државите членки на ЕУ.

Согласно Стратегијата предвидена е измена и дополнување на Законот за судови и Законот за Судски совет на Република Македонија, така што од страна на министерството за правда беа доставени на мислење до Советот, нацрт Законот за судови и нацрт Законот за Судски совет на Република Македонија. Советот за подобрување на овие законските решенија даде свое мислење и предлози, учествуваше на трибини и јавни дебати.

# СОРАБОТКА СО ДРУГИ ИНСТИТУЦИИ ОД ЈАВНИОТ СЕКТОР И МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА

## *СОРАБОТКА СО ДРУГИ ИНСТИТУЦИИ ОД ЈАВНИОТ СЕКТОР*

Во текот на 2017 година, Советот ја продолжи соработката со правосудните и другите органи и организации на законодавната и извршната власт. Ваквата соработка произлегува од потребата Советот да може непречено да ја извршува својата функција предвидена во Законот за Судскиот совет на Република Македонија.

Во таа насока продолжи соработката помеѓу Судскиот совет на Република Македонија и Министерството за правда, Јавното правобранителство, Народниот правобранител, Државната комисија за спречување на корупција, Советот за утврдување на факти и покренување на постапка за утврдување одговорност за судија и други институции. Не помалку значајна е и соработката со Министерството за финансии, Здружението на судии, Здружението на судска админстрација, Советот на судска служба и други домашни и меѓународни организации и сродни институции, во делот на размена на информации и планирање на активности кои се однесуваат на оперативното работење на Советот како и планирање и реализација на заеднички проекти за унапредување на работењето на Советот.

Еден од приоритетите во унапредувањето на соработката на Советот со Академијата за судии и јавни обвинители е координирање на активностите во однос на размена на податоците за учеството на судиите во континуираната едукација, како и за судиите-поротници кои согласно новите законски измени по изборот задолжително посетуваат специјализирана обука и полагаат испит за завршената обука. Оваа соработка се остварува преку поврзување на базата на податоци за судиите и судиите - поротници од двете институции, како и преку редовни состаноци заради координација на активностите.

Членовите на Советот продолжија со интензивната соработката со претседателите на судовите и судиите во Република Македонија, заради согледување на состојбите во соодветниот суд и тековните проблеми и потоа во рамките на надлежностите беа преземани соодветни активности заедно со претседателите на судовите за нивно надминување.

## *МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА*

Во доменот на меѓународната соработка, Советот во текот на 2017 година реализираше 3 студиски посети и учествуваше на 3 конференции, и тоа:

- Студиска посета на Институтот за истражување на судските системи на Националниот истражувачки совет на Италија во Болоња, Република Италија, за

теми од значење за судските реформи, како што е потребата од еваулација на судиите, ефикасноста на судовите, мерењето на времетраењето на судските постапки. на која присуствуваа и претставници на Судските совети на Хрватска, Србија, Албанија, Босна и Херцеговина и Косово.

- Студиска посета на Судскиот совет на Косово, на која беа остварени работни средби и со претседателот на Советот на јавни обвинители, со министерот за правда, како и со директорот на Академијата за правда на Косово.
- Студиска посета во САД, во рамките на меѓународната програма за лидерство и владеење на правото. Целта на посетата беше запознавање на функционирањето на правосудниот ситем во САД, на федерално и државно ниво. Во текот на престојот набљудувани се судски процеси, процеси на медијација, алтернативното решавање на споровите, како и обуки на судиите и постапката за избор и разрешување на судии. Посетени се високи правосудни, образовни и други институции на федерално и државно ниво во Вашингтон ДС, државите Невада, Колорадо Охајо и Њујорк.
- Регионална тркалезна маса која се одржа во Подгорица, Црна Гора на тема - „Улогата на Судските совети во Југоисточна Европа“ на која учествуваа и делегации на судските совети на Србија, Босна и Херцеговина, Албанија, Црна Гора, како и претставници од невладини организации.
- Четвртиот регионален кворум за владеење на правото во Југоситочна Европа кој се одржа во Тирана, Република Албанија. На овој форум присуствуваа претставници од повеќе институции од Република Македонија и од Југоисточна Европа и тоа: судии на Европскиот суд за човекови права, уставни судии, судии на редовните судови, владини агенти и невладини организации.
- Регионална Конференција која се одржа во Будва, Црна Гора на тема – „Поддршка на судските реформи на Западен Балкан“ на која учествуваа и претставници од судските совети на Словенија, Србија, Босна и Херцеговина и Црна Гора, Косово, Албанија, Норвешка и Холандија.

Во рамките на програмата „Подобрување на квалитетот на правдата во Република Македонија преку градење на капацитетите за судиите и мониторирање на судските реформи“ финансирана од Владата на Обединетото Кралство, со подршка на Британската амбасада во Скопје е изработена матрица од страна на Центарот за правни истражувања и анализи во соработка со Министрството за правда и Судскиот совет на Република Македонија за мониторинг на перформансите на правосудството. Како области на евалуација се опфатени областите: ефикасност, транспарентност и отчетност, квалитет на судската пракса, независност и непристрасност и професионален развој и соодветна застапеност. Истражувањето за перцепциите за перформансите на правосудството е спроведено во периодот од 12-25 декември 2017 година на четири целните групи. Првата категорија - судии, и судска администрација; втора категорија - адвокати, јавни обвинители, државни правобранители, нотари, извршители и медијатори; трета категорија - правни и физички лица( странки во судските спорови); четврта категорија - медиуми.

За Советот од големо значење е и соработката која ја остварува со Европската мрежа на судски совети преку размена на информации,  кои се од големо значење а со цел да се  согледаат и прифатат најдобрите пракси за прашања кои се во надлежност на Советот.

# БУЏЕТ И ФИНАНСИРАЊЕ

## *КАДРОВСКА СОСТОЈБА ВО СУДСКАТА ВЛАСТ ЗА 2017 ГОДИНА*

Во 2017 година во судската власт беа вработени 2.278 судски службеници (состојба 31.12.2017 година). Вработените во судската администрација вршат стручни, управно надзорни, административно технички, извршни и други работни задачи за процесуирање на предметите во работа во судовите.

Бројот на вработени во судската власт на 01.01.2017 година изнесува 3.016 лица, а на ден 31.12.2017 година биле вработени вкупно 2.885 лица. Во наредната табела е дадено движењето на бројот на вработени во судската власт од 2013 до 2017 година и тоа по поодделни категории при што е евидентно намалување на бројот на судии секоја година, а во 2017 година е констатирано намалување на бројот и на судската служба.

| | | 2013 | 2014 | 2015 | 2016 | 2017 |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Членови на Судски совет на РМ (ССРМ) | 13 | 13 | 13 | 13 | 13 |
| 2 | Апанажа | | | | 1 | |
| 3 | Членови на Совет за утврдување факти (СФ) | | | | 8 | 8 |
| 4 | Судии | 658 | 609 | 579 | 555 | 531 |
| 5 | Административни службеници | 41 | 43 | 45 | 44 | 43 |
| 6 | Работници во ССРМ, СФ и АСЈО | | | | 11 | 12 |
| 7 | Судски службеници | 1.989 | 1.984 | 2.103 | 2.028 | 1.935 |
| 8 | Судска полиција | 190 | 185 | 185 | 196 | 200 |
| 9 | Работници во судовите | 149 | 167 | 165 | 160 | 143 |
| | **Вкупно** | **3.040** | **3.001** | **3.090** | **3.016** | **2.885** |

***Табела: Број на вработени во судска власт вкупно***

Старосната, половата и националната структура на вработените во судскаат власт е разнолика.

*Старосна стуктура*

| **Возраст** | **Број на вработени** | **Процентуална застапеност** |
|---|---|---|
| **0-24 години** | 9 | **0,4** |
| **25-49 години** | 1.308 | **57,42** |
| **Постари од 50 години** | 961 | **42,18** |
| **Вкупно** | **2.278** | **100,00** |

*Полова структура*

| **Пол** | **Број на вработени** | **Процентуална застапеност** |
|---|---|---|
| **мажи** | 883 | **38,76** |
| **Жени** | 1.395 | **61,24** |
| **Вкупно** | **2.278** | **100,00** |

*Национална структура*

| | Македонци | Албанци | Турци | Роми | Срби | Власи | Бошњаци | други | вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Судска администрација** | 1.853 | 309 | 30 | 24 | 16 | 26 | 9 | 11 | 2.278 |
| **Процентуална застапеност** | 81,34 | 13,56 | 1,32 | 1,05 | 0,7 | 1,14 | 0,40 | 0,49 | 100 |

Во текот на 2017 година во судската власт се реализираа 77 вработувања и тоа со согласност од Министерството за финансии беа обезбедени средства за вработување на 69 лица на определено време од една година до 31.12.2017 година во шест единки корисници и 8 преземања од други државни органи.

| | **единка корисник** | **број на извршители** |
|---|---|---|
| 1 | ОС Скопје 1 | 21 |
| 2 | ОС Скопје 2 | 25 |
| 3 | ОС Битола | 12 |
| 4 | Совет за факти | 6 |
| 5 | ОС Велес | 4 |
| 6 | АС Штип | 1 |
| | **Вкупно** | **69** |

***Табела: Број на вработени на определено време во 2017год.***

| | **единка корисник** | **број на извршители** |
|---|---|---|
| 1 | АС Штип | 3 |
| 2 | ОС Штип | 3 |
| 3 | ВСРМ | 1 |
| 4 | ОС Струмица | 1 |
| | **Вкупно** | **8** |

***Табела: Број на вработени на неопределено време во 2017 год.со превземање припадници на судска полиција и судски службеник***

И покрај тоа што во текот на 2017 година во судовите се реализираа претходно наведените вработувања, состојбата на недостиг на соодветен потребен кадар во судството беше присутна и во текот на оваа година. Ова се однесува на:

- раководен кадар кој ќе му помага на претседателот на судот односно судскиот администратор во раководењето со судската служба и вршењето на работите од судската управа (судски администратори во неколку судови, раководители на служба, раководители на судски оддел, раководители на судско одделение, раководители на одделение и сл.).
- потребен стручен и административно технички кадар кој е директно во функција на судиите и остварувањето на нивната функција (судски соработници, дактилографи, раководители на оддели, преведувачи, доставувачи, вработени во писарница и сл.).
- стручни кадри од областа на управувањето со човечките ресурси, внатрешна ревизија, јавна внатрешна финансиска контрола, стратешко планирање и сл. односно кадри кои не се директно во корелација со судиската функција, но кои, современите текови на функционирање на институциите го налагаат како потреба.

## *МАТЕРИЈАЛНО ФИНАНСИСКА СОСТОЈБА ВО СУДСТВОТО И ВО СУДСКИОТ СОВЕТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА*

### *СУДСТВО*

Согласно Законот за судскиот буџет, судскиот буџет претставува годишна процена на приходите и трошоците на единките корисници на судската власт што ги утврдува Собранието на Република Македонија и е наменет за нивно финансирање. Судскиот буџет се состои од две програми:

**Програма 20**- *судска администрација* која ги опфаќа средствата за финансирање на активностите и функциите на Судскиот совет на РМ,Советот за утврдување на факти и покренување на постапка за утврдување одговорност за судија, Врховниот суд на РМ, Вишиот управен суд, Управниот суд, апелациските судови и основните судови со основна и проширена надлежност.

**Програма 30**- *Академија за судии и јавни обвинители* која ги опфаќа средствата за финансирање на активностите на Академијата.

Во 2017 година вкупно одобрениот буџет за судската власт за двете програми изнесуваше 1.894.994.000 денари. Од овие средства 1.834.314.000 денри беа одобрени како расходи од Основен Буџет на Република Македонија на буџетската сметка, 57.680.000 денари беа како расходи од Основен Буџет на Република Македонија на сметката на сопствени приходи и 3.000.000 денари се однесуваа на расходи од донации. Средствата од сметката на сопствените приходи се остварени од наплата на судските паушали и закупнини од издавање на деловен простор што согласно Законот за судски буџет се приходи на судовите. Согласно член 4 од Законот за судски буџет е

предвидено дека делот на средствата „Судска власт“ во Буџетот на Република Македонија, потребни за функционирање на единките корисници се утврдува во износ од најмалку 0,8% од бруто домашниот производ, меѓутоа овој процент за 2017 година изнесуваше 0,34% од бруто домашниот производ.

Во текот на годината беше извршен ребаланс на Буџетот на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр.109 од 13.08.2017 година), и беа намалени средствата наменети за финансирање на судската власт спротивно на член 4 став 2 од Законот за судски буџет. Во текот на годината беа извршени и бројни пренамени со цел максимално искористување на средствата согласно потребите на единките корисници на судската власт.

Структурата на конечниот буџетот по програми и категории за 2017 година е претставен во следната табела.

| категорија | Програма 20 Судска администрација | % | Програма 30 Академија за судии | % | Судска власт конечен буџет | % |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 40-Плати и надоместоци | 1.491.930.000 | 82,08 | 24.353.000 | 51,27 | 1.516.283.000 | 81,30 |
| 42-Стоки и услуги | 277.325.804 | 15,26 | 22.160.000 | 46,65 | 299.485.804 | 16,06 |
| 46- Трансфери | 26.017.196 | 1,43 | 0 | 0,00 | 26.017.196 | 1,39 |
| 48-Капитални рас | 22.334.000 | 1,23 | 991.000 | 2,09 | 23.325.000 | 1,25 |
| | 1.817.607.000 | 100,00 | 47.504.000 | 100 | 1.865.111.000 | 100,00 |

***Табела: Структура на конечен буџет судска власт за 2017 година по категории и програми***

Притоа забележливо е доминантното учество од 81,3 % на категоријата 40-плати и надоместоци од плати, а ниското учество на останатите три категории. Категоријата 42 стоки и услуги која во вкупниот буџет учествува со 16,06% е недоволна за подмирување на сите потреби од работењето на судовите кои произлегуваат од редовната работа на судовите.




***График: Структура според категории на Буџет судска власт за 2017 година***

Споредено со структурата на буџетот на земјите од Европската унија мора да се констатира дека учеството на капиталните расходи каде се вклучени и вложувањата

во компјутерска и софтверска модернизација учеството на оваа категорија во нашиот буџет е незначително и неопходно е значително зголемување на оваа ставка.споредбено за 2015, 2016 и 2017 година прикажани во следната табела:

| категорија | 2015 | 2016 | 2017 |
|---|---|---|---|
| 40-Плати и надоместоци | 1.532.260.000 | 1.539.181.000 | 1.516.283.000 |
| 42-Стоки и услуги | 284.003.126 | 304.427.341 | 299.485.804 |
| 46- Трансфери | 27.805.814 | 27.586.659 | 26.017.196 |
| 48-Капитални расходи | 14.292.020 | 21.236.000 | 23.325.000 |
| | 1.858.360.960 | 1.892.431.000 | 1.865.111.000 |

*Табела 1*

## ***СУДСКИОТ СОВЕТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА***

Судскиот совет на Република Македонија, како самостоен орган своето финансиско работење го темели единствено од средствата  на Буџетот на судската власт за 2017 година кои средства, како единка корисник, ги добива во вид на трансфери, со распределба од Судскиот буџетски совет. Со еден збор приходите на Судскиот совет се исклучиво од буџетски средства и не остварува сопствени приходи по друг основ.

Советот, трошењето на одобрените средства, го реализира преку својата единствена буџетска сметка 290100053160310, програма 20-судска администрација и тоа преку Министерството за финансии-треаорскарта канцеларија - Скопје.

Во  текот на 2017 година за функционирањето на овој орган се потрошени финансиски средства во износ од 40.319.738,00 денари, кои во споредба со трошоците во 2016 година во  износ од  37.777.868,00 денари  претставува  зголемен  Буџет во номинален износ од околу 3 (три) милиони денари. Ова зголемување се однесува на делот за капитални расходи кои во 2016 година беа минимални, а оваа година е набавена опрема  за горенаведениот износ.

Бројот на вработените во Судскиот совет  во текот на 2017 не бележи промени во однос на претходната 2016 година и тој број изнесува 43 вработени, при што бројот на функционери е намален за еден член кој всушност користеше апанажа заклучно со август 2017 година.

За остварување на работите од својот делокруг, утврдени со Уставот на Република Македонија и Законот за Судскиот совет на Република Македонија, во изминатата фискална година имаше реализација на финансиски средства во износ од 40.319.738,00 денари при што се испочитувани принципите на рационално, ефикасно и строго наменско трошење.

Општа карактеристика за структурата на трошоците на буџетските средства е што најголем процент се однесува на исплатени плати за вработените и обврските од плати, а трошоци за останатите потреби се сведени на минимум. Значи, соодносот на потрошените финансиски средства за обврски од плата и надоместоци, со останатите севкупни трошења во Советот е 8,5:1,5. Имајќи предвид дека од страна на Советот, во текот на целата година, се објавуваа огласи за избор на судии за сите судови, се спроведуваа постапки и се објавуваа тендери за јавни набавки преку Бирото и Советот за јавни набавки, за судството воопшто, и за потребите на Советот, што повлекува и финансиски импликации кај соодветните тековните расходи.

Показателите за реализација на буџетот збирно и по одделни расходни ставки, укажуваат на голем степен на искористеност на одобрените финансиски средства, односно реализацијата на вкупниот Буџет од 98.04% дефиниран за Судскиот совет со Годишниот финансиски план за 2017. Вака високиот процент на искористеност укажува дека во континуитет се следеше реализацијата на истиот со цел навремено донесување одлуки за потребните прераспределби, пренамени или проширувања на квартални планови во рамки на Годишниот финансиски план, за да се подмират обврските кон комитентите и да се избегнат високи камати за реализација на доспеаните фактури за извршените услуги. При користењето на планираните финансиски средства основен принцип е наменското трошење и дефинираните позиции во Годишниот план за Јавни набавки.

Преглед на реализација на финансиски средства во процентуален и номинален износ во однос на одобрените средства од Буџетот на РМ, преку Судски буџетски совет.

| **Преглед на реализирани финансиски средства за 2017 година.** | | |
|---|---|---|
| | | |
| *О П И С* | *Финансиски средства* | *процент* |
| | | |
| 1. Вкупно средства добиени од Буџетот | **41.126.325,00 ден.** | **100,00 %** |
| 2. Потрошени средства-остварени расходи | **40.319.738,00 ден.** | **98,04%** |
| 3. Остаток- непотрошени средства во износ | **806.587,00 ден.** | **1,96%** |

**Поконкретно, потрошени средства за плати, придонеси од плати и надоместоци од плати**

| **Потрошени средства за плати и надоместоци од плата:** | |
|---|---|
| 1. Основни плати и персонален данок | 24.464.718,00 денари |
| 2. Придонеси за ПИО, здравство,вработување | 9.048.635,00 денари |
| 3. Останати надоместоци | 0,00 денари |
| **Вкупно за плати и надоместоци** | **33.513.353 ,00 денари** |

**Глобален табеларен преглед на реализираните буџетски средства за 2017 е следен:**

| | |
|---|---|
| 1.**Плати и надоместоци од плата** | 33.513.353,00 |
| 2.**Стоки и услуги** | 3.741.958,00 |
| 3.**Тековни трансфери** | 50.000,00 |
| 4.**Капитални расходи** | 3.014.427,00 |
| **Вкупно** | **40.319.738,00** |

**И нивен графички преглед 2017 година:**



Ако се направи подетална анализа во структурата на потрошените финансиски средства од страна на Советот, освен делот кој се однесува на **платите и обврските од плата на вработените од околу 83,12%,** од другите расходи евидентно најголем дел оди на расходното конто **421-Комунални услуги, греење и комуникација** во износ од 2.195.835,00 денари и тоа за **парно греење, електрична енергија и за исплатените реални патни трошоци за членовите кои се од внатрешноста** и делот за **капитални раходи** во номинален изниос од 3.014.427,00 денари. Износот на овие две расходни ставки е доминантен во структурата на останатите финансиски средства потрошени во годината во износ од 6.806.385,00 денари. Споредбено по расходни конта во однос на 2016 година, во 2017 не се забележува отстапување во однос на потрошените финансиски средства, освен кај расходното конто за капитални расходи кое бележи речиси 100% зголемување. За разлика од другите две власти (законодавната и извршната), реалните патни трошоци во судската власт се исплатуваат според цената на билетот на јавниот превоз (автобус или воз) за соодветната дестинација. Споредбено по расходни конта во однос на 2015, во 2016 година не се забележува некое нагласено отстапување во однос на потрошените финансиски средства.

**Во прегледот подолу номинално се прикажани реалните трошоци во 2017 година по расходни конта 420-480:**

| **Потрошените средства по расходни конта 420-480:** | | | |
|---|---|---|---|
| | | | |
| | Одобрени | **Реализирани** | **Остаток** |
| | | | |
| **1. Патни расходи,смес. сл.пат** | **60.000,00** | **24.030,00** | **35.970,00** |
| **2.Комунални услуги** | **2.300.000,00** | **2.195.835,00** | **104.165,00** |
| **3. Канцел материјали.** | **260.000,00** | **205.169,00** | **54.831,00** |
| **4. Поправки и тековно одржување** | **603.000,00** | **446.271,00** | **156.729,00** |
| **5. Договорни услуги** | **750.000,00** | **660.513,00** | **89.487,00** |
| **6.Други тековни расходи** | **250.000,00** | **210.140,00** | **39.860,00** |
| **7.Разни Трансфери** | **50.000,00** | **50.000,00** | **0,00** |
| **8.Привремени вработувања** | **0,00** | **0,00** | **0,00** |
| **9. Капитални расходиа** | **3.339.972,00** | **3.014.427,00** | **325.545,00** |
| | | | |
| **Вкупно** | **7.612.972,00** | **6.806.385,00** | **806.587,00** |

**Платите во однос на сите трошоци по расходни конта прикажан на графиконот подолу:**




Најголемиот дел од реализираните буџетските средства се однесуваат на расходи за плати и придонеси од плати, а останатиот дел од средствата , околу 16,88% се за севкупната активност на Советот.

Во текот на 2017 на категоријата 48-капитални расходи, согласно Годишната програма за инвестирање од Буџетот за судска власт во судовите, од страна на Судски совет се потрошени финансиски средства за оваа намена во износ од 3.014.427,00. Поконкретно со Решение за обезбедување на финансиски средства за капитални расходи на единките корисници на Буџетот на судска власт , донесено врз основа на Годишната програма и Измената на Годишната програма за капитални расходи од Буџет судска власт за 2017 година, реализирана е набавка на опрема за греење и ладење и информатичка и опрема.

На крајот на годината по извршениот попис на постојани средства и обврските, констатирани се обврски кон добавувачите во износ од 284.385,00 денари и обврски кон вработените по основ на плата и придонеси во износ од 2.778.881,00 денари. Делот на обврските кон комитентите во најголем дел се однесува за направените услугите и

набавените материјали за месец декември 2017 година како и обврските по однос на плата за тој месец.

**Спореден преглед на одобрени, потрошени и непотрошени финансиски средства во Судски совет на Република Македонија за 2015, 2016 и 2017 година**

| ОПИС | 2015 | 2016 | 2017 |
|---|---|---|---|
| Вкупно средства од Буџетот на РМ | 38.041.309,00 ден.<br>100 % | 37.796.967,00 ден.<br>100.00 % | 41.126.325,00 ден.<br>100,00 % |
| Потрошени средства - остварени расходи | 38.033.428,00 ден.<br>99.98% | 37.777.868,00 ден.<br>99.95% | 40.319.738,00 ден.<br>98,04% |
| Непотрошени средства | 7.881,00 ден.<br>0.02 % | 19.099,00 ден.<br>0.05% | 806.587,00 ден.<br>1,96% |

# ЗАКЛУЧОЦИ

Во наредниот период, како и досега, Советот пред се ќе биде фокусиран на зголемување на ефикасноста на судовите, преку понатамошно јакнење на институционалните и административни капацитети, преку зголемена примена на информатичките технологии и докажани во праксата пристапи и методологии во работата, како и воедначување на судската практика и унапредување на соработката и контролата на повисоките со пониските судови. Исто така во наредниот период акцент ќе биде ставен и кон активности за јакнење на довербата на јавноста во судството, преку зголемена транспарентност и активности за информирање на заинтересираните страни.

Понатаму, приоритетите на Советот ќе се однесуваат и на обезбедување и гарантирање на независноста на судството во Република Македонија, преку унапредување на процедурите за избор и унапредување на судиите, оценување на нивната работа, и на системот за утврдување на одговорност на судиите, како и подобрување на материјално финансиската состојба на судовите, судиите и судкста администрација.

Судскиот совет на Република Македонија и во иднина ќе се грижи за остварување на следните приоритетни активности:

- Доследна примена и постапување по одредбите од донесената законска регулатива во Република Македонија;
- Следење на состојбите во судството и поднесување предлози за подбрување;
- Следење на работата на судиите и претседателите на судовите;
- Континуирано следење на примената на законите и поднесување иницијативи за изменување и дополнување на законската регулатива;
- Унапредување на соработката на институциите на судска власт со другите чинители во земјата и светот;
- Унапредување на транспарентноста и отчетноста во работата на Советот;
- Афирмација на местото, улогата и надлежноста на Советот на домашно и меѓународно ниво;
- Јакнење на инстуционалните и административни капацитети на институциите на судската власт;
- Унапредување на примената на ИКТ во судството;
- Подготовка на периодични и годишни извештаи;
- Презентација на резултатите од работата во јавноста и активности за подобрување на угледот на судската власт;
- Ефикасно и економично извршување на Судскиот буџет;
- Подобрување на капацитетите на судство за планирање и спроведување на програми поддржани од билатерални и мултилатерални донатори;

- Подобрување на системот за избор, оценување, унапредување и разрешување на судиите;
- поддршка на судиите во ситуации кога е загрозен интегритетот при вршењето нивната функција;
- Унапредување на стручноста и вештините на судиите и судската администрација во Република Македонија и
- Континуирано подобрување на процесите и на системот за квалитет согласно Стандардот ИСО 9001:2015

Натамошното јакнење на независноста и зголемувањето на ефикасноста на судскиот систем, беа и ќе продолжат да бидат клучни сегменти на кои Судскиот совет на Република Македонија ќе ја темели својата активност. Тргнувајќи од потребата за постоење на законски гаранции за фер судски постапки, како и цврста правна рамка и конзистентни институции за да се зајакне една доследна политика за заштита и одвраќање од корупција, натамошното подобрување на судскиот систем е од најголемо значење.

Судскиот совет на Република Македонија во следниот период ќе презема мерки и активности за доследна примена на Амандманот VI на Уставот на Република Македонија за соодветна и правична застапеност на граѓаните кои припаѓаат на сите заедници во сите судови во РМ.

Судскиот совет на Република Македонија, секојдневно, преку остварување на своите функции, ќе продолжи да го заштитува, но и да обезбедува независно, непристрасно, професионално, стручно, ефикасно, ефективно, отчетно и транспарентно судство, засновано на општоприфатените стандарди за владеење на правото со доследна примена на Уставот, законите и ратификуваните меѓународни договори.

## ПРЕПОРАКИ

- Судството како една од трите власт во Република Македонија, има потреба од зголемување на независноста во располагање на средства од судскиот буџет, во чии рамки особено значајна е работата на Судскиот буџетски совет. Во наредниот период се очекува да се обезбеди задоволително ниво на судскиот буџет за непречено извршување на функциите на институциите на судската власт во Република Македонија, во согласност со одредбите од Законот за судскиот буџетски совет.

- Се наметнува и потребата од поактивно учество на преставници од судската власт во креирање на законските прописи кои се применуваат во судството. Во следниот период се очекува да се унапреди соработката со Министерството за правда како надлежен предлагач на законските прописи кои се применуваат во судството.

- Обезбедување на функционалност на Одделението за статистика и аналитика на судовите со пополнување на работните места согласно Правилникот за систематизација на работните места во Судскиот совет на Република Македонија преку нови вработувања во Стручната служба на Судскиот совет на Република Македонија, бидејќи Стратегијата за реформа во правосудниот сектор 2017-2022 предвидува зајакнување на капацитетите на Судскиот совет на Република Македонија. Како стратешка насока во точката 2.5.2-1 е предвидено формирање на специјализирана организациона единица за управување со системот за собирање, обработка и анализа на статистичките податоци за работата на судовите. Како мерка е предвидена измена и дополнување на актите за систематизација и јакнење на капацитетите на службениците во специјализираното одделение.

- Зајакнување на ефикасноста и ефективноста на Советот преку обезбедување на соодветни материјални, просторни и човечки ресурси. За согледување на потребите за човечки ресурси потребно е да се изврши функционална анализа.

**СУДСКИ СОВЕТ НА**
**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**Претседател,**
**Зоран Караџовски**

**Прилог 1**



Претседател на Судски совет на РМ
(Претседател на Судски буџетски совет)
Членови на Судски совет на РМ
Генерален секретар на СС на РМ
Државни советници
Сектор за информатички, административно-технички работи и водење на статистика и аналитика на судовите
Сектор за Судски буџет
Одделение за информатички и административно-технички работи
Одделение за статистика и аналитика на судовите
Одделение за финансиски прашања на СБС
Одделение за правни и општи работи на СБС
Одделение за инвестиции на СБС
Одделение за информативно-комуникациски технологии на СБС
Одделение за човечки ресурси
Одделение за внатрешна ревизија

Прилог 2

***Структура на вработени според категорија***

| Категорија | Број на врсботени | Поцентуална застапеност |
|---|---|---|
| Категорија А – секретари | **1** | **3,33** |
| Категорија Б – раководни административни службеници | **13** | **43,33** |
| Категорија В – стручно административни службеници | **7** | **23,33** |
| Категорија Г – помошно - стручни административни службеници | **6** | **20,00** |
| Помошно технички лица | **3** | **10,00** |
| Вкупно | **30** | **100,00** |

***Староснa структура***

| **Возраст** | **Број на вработени** | **Процентуална застапеност** |
|---|---|---|
| **0-24 години** | 0 | |
| **25-49 години** | 22 | **73,33** |
| **Постари од 50 години** | 8 | **26,67** |
| **Вкупно** | **30** | **100,00** |

***Полова структура***

| Пол | Број на вработени | Процентуална застапеност |
|---|---|---|
| **мажи** | 7 | **23,33** |
| **жени** | 23 | **76,67** |
| **вкупно** | **30** | **100,00** |

***Етничка структура***

**ПРИПАДНОСТ НА ЗАЕДНИЦА**

| | **Македонци** | **Албанци** | **Турци** | **Роми** | **Срби** | **Власи** | **Бошњаци** | **други** | **ВКУПНО вработени** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Број на вработени** | 25 | 1 | 0 | 0 | 2 | 0 | 1 | 1 | **30** |
| **Процентуална застапеност** | 83,33 | 3,33 | 0,0 | 0,0 | 6,67 | 0,0 | 3,33 | 3,33 | **100,00** |

## Прилог 3

| бр | Суд | Нерешени предмети од претходната година | Примени предмети | Вкупно предмети во работа | Решени предмети | Нерешени предмети на крајот од годината | Разлика од нерешени предмети на почеток и крај на годината |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Врховен суд на РМ | 1959 | 5009 | 6968 | 5242 | 1726 | 233 |
| 2 | Виш управен суд | 990 | 5452 | 6442 | 5692 | 750 | 240 |
| 3 | Управен суд на РМ | 9156 | 11306 | 20462 | 12858 | 7604 | 1552 |
| | **ВКУПНО** | **12105** | **21767** | **33872** | **23792** | **10080** | **2025** |
| | | | | | | | |
| 1 | АС Битола | 432 | 7608 | 8040 | 7255 | 785 | -353 |
| 2 | АС Гостивар | 221 | 5785 | 6006 | 5417 | 589 | -368 |
| 3 | АС Скопје | 6846 | 18778 | 25624 | 17826 | 7798 | -952 |
| 4 | АС Штип | 300 | 5253 | 5553 | 5094 | 459 | -159 |
| | **ВКУПНО** | **7799** | **37424** | **45223** | **35592** | **9631** | **-1832** |
| | **АС БИТОЛА - Основни судови** | | | | | | |
| 1 | ОС Битола | 3778 | 21443 | 25221 | 22048 | 3173 | 605 |
| 2 | ОС Крушево | 190 | 1392 | 1582 | 1419 | 163 | 27 |
| 3 | ОС Охрид | 4058 | 14881 | 18939 | 15697 | 3242 | 816 |
| 4 | ОС Прилеп | 3260 | 16283 | 19543 | 16732 | 2811 | 449 |
| 5 | ОС Ресен | 572 | 3099 | 3671 | 3186 | 485 | 87 |
| 6 | ОС Струга | 2544 | 14612 | 17156 | 15282 | 1874 | 670 |
| | **ВКУПНО** | **14402** | **71710** | **86112** | **74364** | **11748** | **2654** |
| | **АС ГОСТИВАР - Основни судови** | | | | | | |
| 1 | ОС Гостивар | 6288 | 38965 | 45253 | 39639 | 5614 | 674 |
| 2 | ОС Дебар | 262 | 7460 | 7722 | 7467 | 255 | 7 |
| 3 | ОС Кичево | 1416 | 15657 | 17073 | 15903 | 1170 | 246 |
| 4 | ОС Тетово | 6553 | 20669 | 27222 | 22925 | 4297 | 2256 |
| | **ВКУПНО** | **14519** | **82751** | **97270** | **85934** | **11336** | **3183** |
| | **АС СКОПЈЕ - Основни судови** | | | | | | |
| 1 | ОС Велес | 2249 | 14892 | 17141 | 15026 | 2115 | 134 |
| 2 | ОС Гевгелија | 460 | 8306 | 8766 | 7870 | 896 | -436 |
| 3 | ОС Кавадарци | 1191 | 8690 | 9881 | 8765 | 1116 | 75 |
| 4 | ОС Кратово | 158 | 1762 | 1920 | 1763 | 157 | 1 |
| 5 | ОС Крива Паланка | 668 | 4617 | 5285 | 4626 | 659 | 9 |
| 6 | ОС Куманово | 6006 | 33145 | 39151 | 34356 | 4795 | 1211 |
| 7 | ОС Неготино | 1554 | 4392 | 5946 | 4575 | 1371 | 183 |
| 8 | ОС Скопје I Скопје | 37259 | 78935 | 116194 | 92474 | 23720 | 13539 |
| 9 | ОС Скопје II Скопје | 14966 | 45125 | 60091 | 47046 | 13045 | 1921 |
| | **ВКУПНО** | **64511** | **199864** | **264375** | **216501** | **47874** | **16637** |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **АС ШТИП - Основни судови** | | | | | | |
| **1** | **ОС Берово** | 597 | 3263 | 3860 | 3239 | 621 | -24 |
| **2** | **ОС Виница** | 391 | 3475 | 3866 | 3475 | 391 | 0 |
| **3** | **ОС Делчево** | 962 | 4692 | 5654 | 5043 | 611 | 351 |
| **4** | **ОС Кочани** | 1430 | 10778 | 12208 | 10766 | 1442 | -12 |
| **5** | **ОС Радовиш** | 482 | 7223 | 7705 | 7336 | 369 | 113 |
| **6** | **ОС Св. Николе** | 404 | 3995 | 4399 | 4013 | 386 | 18 |
| **7** | **ОС Струмица** | 2870 | 19443 | 22313 | 20139 | 2174 | 696 |
| **8** | **ОС Штип** | 2733 | 16115 | 18848 | 16136 | 2712 | 21 |
| | **ВКУПНО** | **9869** | **68984** | **78853** | **70147** | **8706** | **1163** |
| | **Вкупно за судовите на цела територија на Р. Македонија** | | | | | | |
| | **ВКУПНО** | **123205** | **482500** | **605705** | **506330** | **99375** | **23830** |

# Прилог 4

*Табела 1*

**ОЦЕНУВАЊЕ НА СУДИИ ВО СУДОВИТЕ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ЗА 2015 и 2016 ГОДИНА**

| Бр | Суд | Многу добар | % | Добар | % | Задоволителен | % | Незадоволителен | % | Вкупно оценети | Вкупно места по систематизација |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Врховен суд на РМ | 13 | 100,00 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 13 | 25 |
| 2 | Виш управен суд | 9 | 100,00 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 9 | 13 |
| 3 | Управен суд | 27 | 100,00 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 27 | 33 |
| | **Апелациони судови** | | | | | | | | | | |
| 4 | АС Битола | 19 | 100,00 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 19 | 25 |
| 5 | АС Гостивар | 11 | 91,67 | 1 | 8,33 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 12 | 16 |
| 6 | АС Скопје | 37 | 100,00 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 37 | 50 |
| 7 | АС Штип | 11 | 100,00 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 11 | 16 |
| | Вкупно: | 78 | 98,73 | 1 | 1,27 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 79 | 107 |
| | **АС БИТОЛА - Основни судови** | | | | | | | | | | |
| 1 | ОС Битола | 17 | 89,47 | 2 | 10,53 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 19 | 25 |
| 2 | ОС Крушево | 1 | 33,33 | 2 | 66,67 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 3 | 3 |
| 3 | ОС Охрид | 13 | 81,25 | 1 | 6,25 | 2 | 12,50 | 0 | 0,00 | 16 | 18 |
| 4 | ОС Прилеп | 15 | 100,00 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 15 | 19 |
| 5 | ОС Ресен | 3 | 100,00 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 3 | 4 |
| 6 | ОС Струга | 12 | 85,71 | 2 | 14,29 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 14 | 15 |
| | Вкупно: | 61 | 87,14 | 7 | 10,00 | 2 | 2,86 | 0 | 0,00 | 70 | 84 |
| | **АС ГОСТИВАР - Основни судови** | | | | | | | | | | |
| 1 | ОС Гостивар | 18 | 78,26 | 4 | 17,39 | 1 | 4,35 | 0 | 0,00 | 23 | 24 |
| 2 | ОС Дебар | 2 | 50,00 | 2 | 50,00 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 4 | 5 |
| 3 | ОС Кичево | 9 | 90,00 | 1 | 10,00 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 10 | 13 |
| 4 | ОС Тетово | 20 | 100,00 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 20 | 26 |
| | Вкупно: | 49 | 85,96 | 7 | 12,28 | 1 | 1,75 | 0 | 0,00 | 57 | 68 |

| | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **АС СКОПЈЕ - Основни судови** | | | | | | | | | | | |
| 1 | ОС Велес | 15 | 93,75 | 1 | 6,25 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 16 | 18 |
| 2 | ОС Гевгелија | 6 | 60,00 | 4 | 40,00 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 10 | 13 |
| 3 | ОС Кавадарци | 8 | 88,89 | 1 | 11,11 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 9 | 10 |
| 4 | ОС Кратово | 0 | 0,00 | 3 | 100,00 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 3 | 3 |
| 5 | ОС Крива Паланка | 5 | 100,00 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 5 | 6 |
| 6 | ОС Куманово | 25 | 92,59 | 2 | 7,41 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 27 | 35 |
| 7 | ОС Неготино | 4 | 100,00 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 4 | 5 |
| 8 | ОС Скопје I Скопје | 57 | 93,44 | 3 | 4,92 | 1 | 1,64 | 0 | 0,00 | 61 | 70 |
| 9 | ОС Скопје II Скопје | 63 | 88,73 | 7 | 9,86 | 1 | 1,41 | 0 | 0,00 | 71 | 75 |
| | **Вкупно:** | 183 | 88,83 | 21 | 10,19 | 2 | 0,97 | 0 | 0,00 | 206 | 235 |
| **АС ШТИП - Основни судови** | | | | | | | | | | | |
| 1 | ОС Берово | 3 | 100,00 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 3 | 3 |
| 2 | ОС Виница | 2 | 100,00 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 2 | 3 |
| 3 | ОС Делчево | 3 | 100,00 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 3 | 3 |
| 4 | ОС Кочани | 6 | 100,00 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 6 | 12 |
| 5 | ОС Радовиш | 4 | 100,00 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 4 | 7 |
| 6 | ОС Св. Николе | 3 | 100,00 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 3 | 4 |
| 7 | ОС Струмица | 16 | 100,00 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 16 | 20 |
| 8 | ОС Штип | 15 | 93,75 | 1 | 6,25 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 16 | 19 |
| | **Вкупно:** | 52 | 98,11 | 1 | 1,89 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 53 | 71 |

**Вкупно за судови на цела територија на Република Македонија**

| | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | **Вкупно:** | 472 | 91,82 | 37 | 7,19 | 5 | 0,97 | 0 | 0,00 | 514 | 636 |

*Табела 2*

**ОЦЕНУВАЊЕ НА ПРЕТСЕДАТЕЛИ НА СУДОВИТЕ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ЗА 2015 и 2016 ГОДИНА**

| бр | Суд | Многу добар | % | Добар | % | Задоволителен | % | Незадоволителен | % | Вкупно оценети |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Врховен суд на РМ | 1 | 100,00 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 1 |

| | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 2 | Виш управен суд | 1 | 100,00 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 1 |
| 3 | Управен суд на РМ | 1 | 100,00 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 1 |
| **Апелациони судови** | | | | | | | | | | |
| 4 | АС Битола | 1 | 100,00 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 1 |
| 5 | АС Гостивар | 1 | 100,00 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 1 |
| 6 | АС Скопје | 0 | 0.00 | 1 | 100,00 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 1 |
| 7 | АС Штип | 1 | 100,00 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 1 |
| | Вкупно: | 3 | 100,00 | 1 | 25,00 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 4 |
| **АС БИТОЛА - Основни судови** | | | | | | | | | | |
| 1 | ОС Битола | 0 | 0,00 | 1 | 100,00 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 1 |
| 2 | ОС Крушево | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 1 | 100,00 | 0 | 0,00 | 1 |
| 3 | ОС Охрид | 0 | 0,00 | 1 | 100,00 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 1 |
| 4 | ОС Прилеп | 0 | 0,00 | 1 | 100,00 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 1 |
| 5 | ОС Ресен | 0 | 0,00 | 1 | 100,00 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 1 |
| 6 | ОС Струга | 0 | 0,00 | 1 | 100,00 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 1 |
| | Вкупно: | 0 | 0,00 | 5 | 83,33 | 1 | 16,67 | 0 | 0,00 | 6 |
| **АС ГОСТИВАР - Основни судови** | | | | | | | | | | |
| 1 | ОС Гостивар | 0 | 0,00 | 1 | 100,00 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 1 |
| 2 | ОС Дебар | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 1 | 100,00 | 0 | 0,00 | 1 |
| 3 | ОС Кичево | 0 | 0,00 | 1 | 100,00 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 1 |
| 4 | ОС Тетово | 0 | 0,00 | 1 | 100,00 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 1 |
| | Вкупно: | 0 | 0,00 | 3 | 75,00 | 1 | 25,00 | 0 | 0,00 | 4 |
| **АС СКОПЈЕ - Основни судови** | | | | | | | | | | |
| 1 | ОС Велес | 0 | 0,00 | 1 | 100,00 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 1 |
| 2 | ОС Гевгелија | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 0 |
| 3 | ОС Кавадарци | 0 | 0,00 | 1 | 100,00 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 1 |
| 4 | ОС Кратово | 0 | 0,00 | 1 | 100,00 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 1 |
| 5 | ОС Крива Паланка | 0 | 0,00 | 1 | 100,00 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 1 |
| 6 | ОС Куманово | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 0 |
| 7 | ОС Неготино | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 1 | 100,00 | 0 | 0,00 | 1 |

| | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 8 | ОС Скопје I Скопје | 0 | 0,00 | 1 | 100,00 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 1 |
| 9 | ОС Скопје II Скопје | 0 | 0,00 | 1 | 100,00 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 1 |
| | Вкупно: | 0 | 0,00 | 6 | 85,71 | 1 | 14,29 | 0 | 0,00 | 7 |
| АС ШТИП - Основни судови | | | | | | | | | | |
| 1 | ОС Берово | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 1 | 100,00 | 0 | 0,00 | 1 |
| 2 | ОС Виница | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 0 |
| 3 | ОС Делчево | 0 | 0,00 | 1 | 100,00 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 1 |
| 4 | ОС Кочани | 0 | 0,00 | 1 | 100,00 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 1 |
| 5 | ОС Радовиш | 0 | 0,00 | 1 | 100,00 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 1 |
| ч6 | ОС Св. Николе | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 0 |
| 7 | ОС Струмица | 0 | 0,00 | 1 | 100,00 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 1 |
| 8 | ОС Штип | 0 | 0,00 | 1 | 100,00 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 1 |
| | Вкупно: | 0 | 0,00 | 5 | 83,33 | 1 | 16,67 | 0 | 0,00 | 6 |

**Вкупно за Врховен суд на РМ, Управен, апелациони и основни судови на цела територија на Република Македонија**

| | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Вкупно: | 6 | 20,00 | 20 | 66,67 | 4 | 13,33 | 0 | 0,00 | 30 |